**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2021 ГОДИНА

**Скопје, јули 2021 година**

## Резиме

- Бруто-домашниот производ во првото тримесечје од 2021 година забележа реален пад од 1,9% на годишна основа, под влијание на неповолните ефектни на пандемијата врз домашната економија;
- Стапката на невработеност, според Анкетата на работна сила, се намали на 16% во првото тримесечје од 2021 година, што претставува пад од 0,2 процентни поени во однос на истото тримесечје од претходната година;
- Стапката на инфлација во првото полугодие од 2021 година изнесува 2,4%, придвижена од порастот на цените на храната, енергенсите и тутунот;
- Вкупните буџетски приходи во периодот јануари – јуни се остварени во износ од 101,1 милијарда денари, што претставува 47,5% од планираниот износ за 2021 година и во однос на првото полугодие од претходната година се зголемени за 15,6%;
- Вкупните буџетски расходи во периодот јануари – јуни 2021 година се реализирани во износ од 116,8 милијарди денари, што претставува 47,2% од годишниот план и во однос на првото полугодие од претходната година се зголемени за 3,0%;
- Во периодот јануари – јуни 2021 година остварен е дефицит на Буџетот на РСМ од 15,7 милијарди денари, што претставува 44,9% од планираниот дефицит, односно 2,2% од проектираниот БДП за 2021 година;
- Државниот долг на Република Северна Македонија на крајот на првиот квартал од 2021 година изнесува 54,1% од БДП, додека јавниот долг претставува 62,5% од БДП.

**СОДРЖИНА**


Резиме ........ 1
1. Меѓународни економски трендови ........ 3
2. Макроекономски трендови во земјата ........ 3
   2.1. Економска активност ........ 3
   2.2. Пазар на работна сила ........ 6
   2.3. Инфлација и монетарни движења ........ 7
   2.4. Платен биланс ........ 8
3. Фискален сектор ........ 8
   3.1. Буџет на Република Северна Македонија ........ 8
      3.1.1 Извршување на Основниот буџет ........ 11
      3.1.2 Извршување на буџетот на фондовите ........ 13
      3.1.3 Извршување на буџетот на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници ........ 14
      3.1.4 Извршување на Буџетот на РСМ по буџетски корисници ........ 14
   3.2. Управување со јавниот долг ........ 16

## 1. Меѓународни економски трендови[1]

Глобалната економија во 2021 година се очекува да продолжи да биде под влијание на ефектите од пандемијата на коронавирус. Сепак, по економската контракција во 2020 година каква што историски не се памети поради нејзината природа и брзина на распространување, во 2021 година се очекува опоравување на глобалната економија, кое во голема мера ќе зависи од дополнителната фискална поддршка во големите економии, како и од брзината на вакцинацијата во текот на годината. Благодарение на навремените политики за справување со последиците од пандемијата, економските ефекти на истата се очекува да бидат помали од глобалната финансиска криза од 2008 година.

Во 2021 година, глобалната економска активност се очекува да забележи раст од 6%, согласно со последните проекции на Меѓународниот монетарен фонд, а економскиот раст на ЕУ е проектиран на 4,4%, по падот од 6,1% во изминатата година. Во Германија, како најголема економија во рамки на ЕУ и наш најзначаен трговски партнер, растот на економската активност е проектиран на 3,6% (Графикон 1).

Графикон 1. Глобален економски раст (во %)



Извор: ММФ, април 2021 г. (проекции за 2021 г.)

Неизвесноста во врска со проекциите е висока и е проследена со бројни надолни и нагорни ризици. Многу работи и натаму се под големо влијание на трката меѓу вирусот и вакцините. Поголемиот напредок со вакцинацијата може да ги подобри проекциите, додека новите соеви на вирусот на коишто вакцините не се ефикасни може да ги влошат. Покрај ова, здравствената криза може да доведе до поголемо влошување на потенцијалот на агрегатната понуда, што може да произлезе од намалената стапка на активност на работната сила, бројните банкроти и нарушувањата врз производствените мрежи.

## 2. Макроекономски трендови во земјата[2]

### 2.1. Економска активност

Во првото тримесечје од 2021 година БДП забележа годишен пад од 1,9% на реална основа, под влијание на неповолните ефектни на пандемијата врз домашната економија. Анализирано според расходната страна, намалената економска активност произлегува главно од падот на бруто-инвестициите

[1] Анализата во овој дел се базира на извештајот на Меѓународниот монетарен фонд „Светски економски преглед“, објавен во април 2021 година.

[2] Во Извештајот се користат последните расположливи податоци. За БДП, невработеноста и платниот биланс достапни се податоци заклучно со првиот квартал од 2021 година.

од 16,6% на реална основа, поточно падот на залихите, којшто е ублажено со растот на инвестициите во основни средства, што соодветствува со зголемените инвестиции во градежни работи и силниот увоз на инвестициски добра. Пад бележи и јавната потрошувачка, од 2,2% на реална основа, што делумно се должи на високата споредбена основа, но и на реалниот пад на јавните расходи за плати и надоместоци. Приватната потрошувачка има позитивен придонес врз економската активност, со раст од 0,4%, како резултат на порастот на дознаките од странство, но и на државната помош за поддршка на вработените во најпогодените дејности и на ранливите категории на население, што се одрази врз зголемен промет на непрехранбени продукти.

Графикон 2. Расходна структура на економскиот раст (придонес во раст, процентни поени)



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Во првото тримесечје извозот на стоки и услуги забележа раст од 8,6% на реална основа, што е главно одраз на подобреното меѓународно економско окружување и резултираше, пред се, со раст на извозот на машини, транспортни уреди и хемиски производи. Увозот на стоки и услуги забележа раст од 2%, придвижен од увозот на интермедијарни и капитални добра, со што нето-извозот има позитивен придонес врз економската активност (Графикон 2). Имено, уште во последните неколку месеци од 2020 година, надворешно-трговската размена покажа знаци на закрепнување, за во првите пет месеци од 2021 година размената значително да се интензивира, односно извозот на стоки забележа номинален раст од 44,3%, а увозот на стоки од 39,5%.

Графикон 3. Годишен раст на индустриското производство (во %)



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Гледано по сектори, во првото тримесечје од 2021 година индустријата забележа пад од 6,7%, во услови на намалена активност во преработувачката индустрија. Согласно високофреквентните податоци за индустријата, во март е прекинат падот на производството во претходните два месеца, за во април растот да достигне 46,1%, а во мај е забележан раст од 16,5% на годишна основа (Графикон 3), при што покрај преминот во позитивната зона на производството на моторни возила, текстил, облека, мебел и прехранбени производи, се забележува забрзувањето на растот на производството на машини, уреди и електрична опрема во текот на овој период. Искористеноста на капацитетите во преработувачката индустрија продолжи да расте во текот на 2021 година и во април го достигна нивото пред здравствено-економската криза (71,4%).

Графикон 4. Структура на економскиот раст според производниот метод (придонес во раст, п.п.)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Во првото тримесечје, активноста во услужниот сектор е намалена за 1%, што е најмногу резултат на неповолните движења во дејностите јавна управа, уметност и рекреативни активности. Во дејноста Трговија, транспорт и угостителство падот е минимален, со тоа што високофреквентните податоци за внатрешна трговија во периодот јануари-мај 2021 година покажуваат номинален раст на прометот од 12,4%, што се должи на поволните движења во сите сегменти на трговска активност. Градежниот сектор во првото тримесечје забележа раст од 1,7% на реална основа, кој согласно месечните податоци се должи на поволните движења во сегментот на високоградба. Земјоделскиот сектор забележа реален раст од 0,3%.

Поволното меѓународно окружување и процесот на масовна имунизација во земјата се очекува да влијаат позитивно врз очекувањата и довербата на домашните економски субјекти и склоноста за инвестирање и потрошувачка. Фискалната политика и редизајнирањето на јавните расходи, со акцент на засилување на циклусот на јавни инвестиции и мерки насочени кон постигнување на забрзан, инклузивен и одржлив економски раст, ќе има значително влијание врз инвестициската побарувачка, но и врз потенцијалот за раст.

По падот во 2020 година, економијата се очекува да заздрави во 2021 година, при што растот е проектиран на 4,1%, колку што изнесуваше и со првичниот Буџет, но со одредено приспособување во однос на структурата на растот, односно поголем позитивен придонес на домашната побарувачка, при нагорна ревизија на проекциите за раст на потрошувачката и инвестициите, но и поголем негативен придонес на нето-извозот врз економскиот раст.

Декомпозицијата на економскиот раст покажува дека инвестициите ќе имаат значајна улога во заздравувањето на економијата и нејзиното постепено интензивирање. Реалниот раст на бруто-инвестициите е проектиран на 8% во 2021 година, во услови на очекуван раст и на јавните и на приватните инвестиции. Потрошувачката, исто така, е предвидено да го поддржи растот на домашната побарувачка. Приватната потрошувачка се очекува да забележи реален раст од 4%, а растот на јавната

потрошувачка е проектиран на 4,3%. Извозот се предвидува да забележи раст од 10,6%, а увозот раст од 11% на реална основа.

Табела 1. Споредба на проекциите за економски раст и инфлација за 2021 година (во %)

| | Економски раст | Инфлација |
|---|---|---|
| **Министерство за финансии** | 4,1 | 2,1 |
| **ММФ** | 3,8 | 2,0 |
| **Светска Банка** | 3,6 | 1,6 |
| **Европска Комисија** | 3,7 | 1,7 |
| **ЕБОР** | 4,0 | / |
| **Виенски институт** | 4,1 | 2,5 |
| **S&P Ratings** | 3,6 | 1,5 |
| **Fitch Ratings** | 3,9 | 1,9 |
| **Народна банка на РСМ** | 3,9 | 2,2 |

Извор: ММФ (World Economic Outlook, април 2021 г.), Светска банка (Western Balkans Regular Economic Report, април 2021 г.), Европска комисија (European Economic Forecast, мај 2021 г.), ЕБОР (Regional Economic Prospects, јуни 2021 г.), Виенски институт за меѓународни економски студии (јуни 2021 г.), S&P Ratings (февруари 2021 г.), Fitch Ratings (мај 2021 г.), Народна банка на РСМ (Квартален извештај, мај 2021 г.).

## 2.2. Пазар на работна сила

Падот на невработеноста продолжи во првото тримесечје од 2021 година според Анкетата на работна сила, односно стапката на невработеност се намали на 16%, што претставува пад од 0,2 процентни поени во однос на истото тримесечје од претходната година.

Графикон 5. Број на вработени и стапка на невработеност



Извор: Државен завод за статистика

Бројот на вработени во првото тримесечје од 2021 година бележи пад од 2,2% на годишна основа, што се должи главно на високата споредбена основа[3] (Графикон 5). Вработеноста е, пред се,

[3] Споредено со претходниот квартал, вработеноста е зголемена за 0,5%, додека сезонско прилагоденото движење покажува дека вработеноста е задржана на нивото од претходното тримесечје, во услови на неповолни ефектни на пандемијата врз домашната економија.

намалена во дејностите најмногу погодени од пандемијата, како што се транспортот и угостителството, а во помала мера и во земјоделството, индустрискиот сектор и финансиските дејности. Од друга страна, вработеноста е главно зголемена во здравството, јавната управа и информациско-комуникациската дејност.

Во првите четири месеци од 2021 година платите забележаа просечен раст од 5,5% на номинална основа, пред се, како резултат на зголемувањето на платите во информациско-комуникациската дејност, здравството, уметноста и дел од дејностите во индустрискиот сектор. На реална основа, платите забележаа просечен раст од 3,3% во овој период (Графикон 6).

Графикон 6. Раст на просечната нето-плата (во %)




Извор: Државен завод за статистика

## 2.3. Инфлација и монетарни движења

Во првото полугодие од 2021 година стапката на инфлација изнесува 2,4%, придвижена од порастот на цените на храната, тутунот, електричната енергија и на нафтените деривати, чие зголемување е во согласност со нагорниот тренд на цената на суровата нафта на меѓународниот пазар. Базичната инфлација во овој период изнесува 1,8%.

Графикон 7. Вкупна и базична инфлација (во %)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Народната банка продолжи со натамошно олабавување на монетарната политика во досегашниот период од 2021 година, односно во март изврши дополнително намалување на основната каматна стапка за 0,25 процентни поени, со што истата изнесува 1,25% и е на најниско ниво досега. Во мај 2021 година вкупните кредити се зголемија за 5,6% на годишна основа, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,8% и на кредитите кон претпријатијата од 2,1%. Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2021 година оствари раст од 7,1% на годишна основа, во услови на зголемени депозити и во домашна и во странска валута.

### 2.4. Платен биланс

Тековната сметка на платниот биланс забележа дефицит од 61 милион евра во првото тримесечје од 2021 година, кој во однос на истиот период од претходната година бележи значително стеснување, кога дефицитот изнесуваше 156 милиони евра, што се должи на зголемените трансфери од странство и подобрениот дефицит на размената со стоки и услуги. Приливот на странски директни инвестиции (СДИ) изнесува 26 милиони евра, кој во најголем дел е по основ на реинвестирање на добивката, а во помал дел и во форма на сопственички капитал, додека должничките инструменти имаа негативен придонес врз текот на СДИ.

Графикон 8. Салдо на тековна сметка и прилив на СДИ (во милиони евра)



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Девизните резерви достигнаа околу 4 милијарди евра во јуни 2021 година и обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од 5,3 месеци од наредниот 12-месечен период, што претставува соодветно ниво за водење на монетарната политика.

## 3. Фискален сектор

### 3.1. Буџет на Република Северна Македонија

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година вкупните приходи се планирани во износ од 212.630 милиони денари, вкупните расходи во износ од 247.568 милиони денари, односно планиран е дефицит од 34.938 милиони денари (дефицит на Основниот буџет од 29.907 милиони денари, дефицит на фондовите од 8 милиони денари и дефицит на сметките за сопствени приходи од 5.023 милиони денари).

Графикон 9. Шематски приказ на Буџетот на РСМ, остварување (во милиони денари) и стапка на реализација (во %) во првото полугодие на 2021 година




Вкупните буџетски приходи се реализирани во износ од 101.069 милиони денари, што претставува 47,5% од планираниот износ за 2021 година, односно зголемување од 15,6% во однос на реализираните буџетски приходи во истиот период од 2020 година (Табела 2). Високиот раст произлегува од зголемениот увоз и промет на добра во земјата, поволните движења во индустријата и градежништвото, порастот на платите, но и на ниската споредбена основа, особено во вториот квартал претходната година, кога најмногу се почувствуваа ефектите на пандемијата врз буџетските приходи. Во рамки на вкупните приходи, 91.548 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 49,1% од планираниот износ за 2021 година, односно е забележан раст од 15,1% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 57.821 милион денари[4] (односно реализација од 49,0% од планираниот износ за 2021 година), додека придонесите се реализирани во износ од 33.727 милиони денари (годишен раст од 6,2%, односно 49,4% од планираниот износ за 2021 година). Во рамки на даночните приходи, се забележува раст кај сите видови даноци, при што највисок раст бележат приходите од ДДВ од 32,3%, по што следат увозните давачки со раст на наплатата од 32,2%, акцизите од 12,0%, персоналниот данок на доход од 9,7% и данокот на добивка од 5,9%.

Вкупните расходи на Буџетот на РСМ во периодот јануари – јуни 2021 година се реализирани во износ од 116.766 милиони денари, што претставува 47,2% од годишниот план, односно раст од 3,0% во однос на првото полугодие на 2020 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 110.204 милиони денари, односно 49,3% од планираниот износ за цела година, што претставува раст од 1,2% во однос на истиот период од 2020 година. Раст се забележува кај каматните расходи од 55,2%, кај расходите за стоки и услуги од 14,6% и кај платите и надоместоците од 2,9%. Од друга страна трансферите, кои се најголема категорија на тековни расходи, се намалија за 2,1%, водени од високиот пад кај субвенциите и трансферите од 27,3%, кој е последица на високите расходи кај оваа категорија во првата половина на 2020 година поради преземените мерки за справување со коронавирусот. Сепак, во рамки на трансферите, социјалните трансфери се зголемија за 4,1%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 6.562 милиона денари и се повисоки за 48,2% во споредба со истиот период од

[4] Вклучени се и приходите од сопствени сметки во износ од 649 милиони денари.

2020 година. Стапката на реализација на капиталните срасходи во првото полугодие е вообичаено пониска, односно изнесува 27,3% во 2021 година, со тоа што во второто полугодие се очекува да се забрза реализацијата на овие расходи, како што може да се заклучи од Табела 2.

Табела 2. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – јуни 2021 година

| | Буџет 2021 | Јануари-јуни 2021 | | | Јан.-јуни 2015-2019* | Јан.-дек. 2015-2019* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација | просечна стапка на реализација (во однос на првичен буџет) | |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **212.630** | **101.069** | **15,6%** | **47,5%** | **46,5%** | **96,8%** |
| **Даноци и придонеси** | **186.282** | **91.548** | **15,1%** | **49,1%** | **48,1%** | **99,5%** |
| Даноци | 115.953 | 57.172 | 20,8% | 49,3% | 48,2% | 99,1% |
| Персонален данок на доход | 20.290 | 9.273 | 9,7% | 45,7% | 47,4% | 103,4% |
| Данок на добивка | 11.501 | 6.079 | 5,9% | 52,9% | 73,1% | 123,3% |
| ДДВ | 52.280 | 26.600 | 32,3% | 50,9% | 46,2% | 95,2% |
| Акцизи | 25.285 | 10.965 | 12,0% | 43,4% | 47,8% | 103,7% |
| Увозни давачки | 5.968 | 3.952 | 32,2% | 66,2% | 47,5% | 98,7% |
| Други даночни приходи | 629 | 303 | 28,9% | 48,2% | 30,7% | 70,0% |
| Придонеси | 68.300 | 33.727 | 6,2% | 49,4% | 48,1% | 100,9% |
| **Неданочни приходи** | **16.954** | **6.619** | **15,9%** | **39,0%** | **38,3%** | **78,9%** |
| **Капитални приходи** | **3.187** | **432** | **-16,1%** | **13,6%** | **30,9%** | **86,0%** |
| **Странски донации** | **6.207** | **2.470** | **49,6%** | **39,8%** | **37,2%** | **93,6%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** | **17,8%** | **38,0%** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **247.568** | **116.766** | **3,0%** | **47,2%** | **45,9%** | **95,8%** |
| **Тековни расходи** | **223.513** | **110.204** | **1,2%** | **49,3%** | **48,6%** | **99,4%** |
| Плати и надоместоци | 31.394 | 15.213 | 2,9% | 48,5% | 48,9% | 98,8% |
| Стоки и услуги | 21.322 | 8.380 | 14,6% | 39,3% | 39,7% | 84,5% |
| Трансфери | 161.319 | 82.410 | -2,1% | 51,1% | 50,8% | 101,6% |
| Социјални трансфери | 120.653 | 59.420 | 4,1% | 49,2% | 50,0% | 101,3% |
| ПИОСМ | 71.319 | 35.643 | 3,9% | 50,0% | 50,3% | 101,4% |
| Паричен надоместок за невработени | 2.681 | 861 | -18,7% | 32,1% | 42,6% | 96,1% |
| Социјална помош | 12.286 | 6.026 | 6,9% | 49,0% | 48,2% | 99,5% |
| Здравствена заштита | 34.367 | 16.890 | 5,0% | 49,1% | 50,4% | 102,0% |
| Други трансфери | 38.453 | 21.834 | -16,0% | 56,8% | 54,0% | 102,4% |
| Камата | 9.478 | 4.201 | 55,2% | 44,3% | 34,0% | 102,9% |
| **Капитални расходи** | **24.055** | **6.562** | **48,2%** | **27,3%** | **25,8%** | **69,4%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-34.938** | **-15.697** | **-39,5%** | **44,9%** | **39,5%** | **84,1%** |

Извор: Министерство за финансии

*2020 година не е вклучена во пресметките на просечните стапки на реализација поради значителните ефекти на пандемијата врз износите

Во периодот јануари – јуни 2021 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 15.697 милиони денари, што претставува 2,2% од проектираниот БДП за 2021 година, односно 44,9% од годишниот план (Табела 2). Во рамките на Буџетот на РСМ, Основниот буџет има остварено дефицит од 16.134 милиони денари, фондовите имаат остварено суфицит од 218 милиони денари, а на сметките за сопствени приходи остварен е суфицит во износ од 219 милиони денари.

### 3.1.1 Извршување на Основниот буџет

Вкупните приходи на Основниот буџет во периодот јануари – јуни 2021 година изнесуваат 59.811 милиони денари и истите претставуваат 48,5% од вкупно предвидените приходи за 2021 година во износ од 123.318 милиони денари.

Наплатата на даночните приходи, кои претставуваат најзначајна ставка во рамки на вкупните приходи, во овој период изнесува 56.522 милиона денари, односно 49,3% од годишниот план, додека неданочните и капиталните приходи се остварени во износ од 3.289 милиони денари или 37,5% во однос на планираните за цела година.

Структурата на остварените даночни приходи покажува дека данокот на додадена вредност има најголемо учество со 26.600 милиони денари или 47,1% од вкупните даночни приходи (Графикон 10). Потоа следуваат приходите по основ на наплатени акцизи со 10.315 милиони денари, персоналниот данок на доход со 9.273 милиони денари, данокот на добивка со 6.079 милиони денари, увозните давачки со 3.952 милиона денари и другите даночни приходи со 303 милиони денари.

Графикон 10. Структура на остварени даночни приходи, јануари – јуни 2021 година




Извор: Министерство за финансии

Вкупните расходи на Основниот буџет во периодот јануари – јуни 2021 година се реализирани во износ од 75.945 милиони денари или 49,6% од вкупно предвидените средства со Основниот буџет за 2021 година.

Во структурата на извршените расходи во овој период најголемо учество имаат расходите по основ на тековни трансфери до буџетските фондови со 19.320 милиони денари. Потоа следуваат: плати, наемнини и надоместоци со 14.344 милиони денари, субвенции и трансфери со 11.169 милиони денари, расходи за тековни трансфери до единиците на локална самоуправа (ЕЛС) со 10.665 милиони денари, расходи за стоки и услуги со 5.987 милиони денари, социјални бенефиции со 5.659 милиони денари, капитални расходи со 4.599 милиони денари и каматни плаќања со 4.201 милион денари. На Графиконот 11 е прикажано нивното процентуално учество во вкупните расходи.

Графикон 11. Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари – јуни 2021 година




Од вкупно планираните средства за плати и надоместоци за 2021 година со Основниот буџет, во анализираниот период се реализирани 48,9%, додека стапката на реализација кај категоријата стоки и услуги изнесува 45,4%. На Графиконот 12 се прикажани дезагрегирани податоци за извршените расходи за стоки и услуги.

Графикон 12. Расходи за стоки и услуги, јануари – јуни 2021 година (во милиони денари)




Тековните трансфери до буџетските фондови во првата половина од годината претставуваат 49,1% од годишниот план. Во рамки на оваа категорија, најголемиот износ, односно 84,1% отпаѓа на трансфери до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (Фонд на ПИОСМ), додека остатокот претставува трансфер до Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување.

Од вкупно планираните средства за тековни трансфери до ЕЛС за 2021 година, во првата половина од годината се реализирани 50,0%. Во рамки на оваа категорија, најголемиот износ, односно 89,5% е по основ на блок и наменски дотации, додека остатокот е по основ на ДДВ дотации.

Стапката на реализација кај категоријата субвенции и трансфери во разгледуваниот период изнесува 64,3%. Најголем дел од овие средства, односно 34% се исплатени по основ на земјоделски субвенции од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, додека 23,4% се исплатени по основ на мерки за справување со Ковид-19 кризата.

Социјалните бенефиции во периодот јануари – јуни претставуваат 53,9% од годишниот план.

Капиталните расходи во разгледуваниот период претставуваат 36,2% од планираните средства за оваа намена со Основниот буџет за 2021 година. На Графиконот 13 се прикажани дезагрегирани податоци за извршените капитални расходи.

Графикон 13. Капитални расходи, јануари – јуни 2021 година (во милиони денари)




Извор: Министерство за финансии

Во разгледуваниот период, отплатата на главнина од Основниот буџет по однос на вкупниот долг изнесува 6.605 милиони денари, додека плаќањата по основ на камати изнесуваат 4.201 милион денари. Од вкупните одливи по основ на отплата на кредити, 3.791 милион денари се одливи за отплата на главнина кон домашни кредитори, додека 2.814 милиони денари се одливи за отплата на главнина кон нерезидентни кредитори. За трошоци по основ на камата кон домашни кредитори исплатени се 1.340 милиони денари, додека кон странски кредитори исплатени се 2.861 милион денари.

### 3.1.2 Извршување на буџетот на фондовите

Фондот на ПИОСМ во првата половина од годината има остварено суфицит од 19 милиони денари. Остварувањето на приходите и приливите заклучно со јуни изнесува 39.900 милиони денари, што претставува 49,9% во однос на планираните за 2021 година, додека извршувањето на расходите изнесува 39.881 милион денари, односно 49,8% од годишниот план. Од вкупните приходи, 22.804 милиони денари се приходи по основ на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување (49,3% од годишниот план), 16.256 милиони денари се трансфери од Основниот буџет, 650 милиони денари се приходи од акцизи, а останатите 190 милиони денари се други приходи на Фондот.

Во делот на расходите на Фондот на ПИОСМ, трошоците за пензии се реализирани во износ од 30.903 милиони денари или 49,6% од предвидените за 2021 година. Исплатата на пензиите се одвива во согласност со предвидената динамика за 2021 година. Трансферите од Фондот на ПИОСМ до приватните пензиски фондови изнесуваат 4.740 милиони денари, а придонесите за здравствено осигурување за пензионери до Фондот за здравствено осигурување се исплатени во износ од 3.983 милиони денари. Расходи за плати, стоки и услуги и други трошоци се извршени во износ од 255 милиони денари.

Заклучно со јуни 2021 година, Фондот за здравствено осигурување има остварено дефицит во висина од 149 милиони денари, во услови на остварени приходи од 16.990 милиони денари, кои претставуваат 48,6% од годишниот план и извршени расходи од 17.139 милиони денари, односно 49,0% од планираните за 2021 година.

Во разгледуваниот период, остварени се приходи од придонеси за здравствено осигурување во износ од 9.531 милион денари или 49,5% од годишниот план. Придонесите за здравствено осигурување на пензионери уплатени од Фондот на ПИОСМ изнесуваат 3.983 милиони денари, додека придонесите за здравствено осигурување уплатени од Агенција за вработување на РСМ изнесуваат 71 милион денари. Трансферите од Основниот буџет изнесуваат 3.003 милиони денари, трансферите од МТСП изнесуваат 113 милиони денари, приходите од партиципација изнесуваат 219 милиони денари, а останатите приходи 70 милиони денари. Во делот на расходите реализирани се трошоци за примарна здравствена заштита од 14.547 милиони денари, трошоци за боледување од 1.938 милиони денари, за ортопедски помагала од 241 милион денари и за лекување во странство од 164 милиони денари. Расходите за плати, стоки и услуги и капиталните расходи изнесуваат 249 милиони денари.

Агенција за вработување на РСМ во периодот јануари – јуни 2021 година има остварено суфицит во висина од 348 милиони денари, во услови на остварени приходи во износ од 1.485 милиони денари (43,1% од планираните за 2021 година) и извршени расходи во износ од 1.137 милиони денари (33,0% во однос на годишниот буџет). Придонесите по основ на осигурување во случај на невработеност се главна приходна ставка и се остварени во износ од 1.392 милиона денари, односно претставуваат 49,9% од годишниот план.

Расходите на Агенцијата за вработување по основ на паричен надоместок за невработени лица во првата половина од годината изнесуваат 724 милиони денари, по основ на средства за вработување на инвалидни лица изнесуваат 64 милиони денари, за активни мерки за вработување се извршени 137 милиони денари, а за плаќање придонеси за пензиско и здравствено осигурување за невработени лица се потрошени 71 милион денари. Расходите за плати, стоки и услуги на Агенцијата изнесуваат 141 милион денари.

### 3.1.3 Извршување на буџетот на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници

Согласно Буџетот на РСМ за 2021 година планиран е дефицит на буџетите на сопствени сметки за приходи на буџетските корисници (наменети за самофинансирачки активности, заеми и донации) во износ од 5.023 милиони денари, додека во анализираниот период остварен е суфицит во износ од 219 милиони денари.

Заклучно со јуни 2021 година, вкупните остварени приходи на овие сметки изнесуваат 6.370 милиони денари (33,8% од планот за 2021 година), а реализирани се расходи во износ од 6.151 милион денари (25,8% од годишниот буџет). Во рамки на расходите, за тековни расходи се потрошени 4.203 милиони денари или 33,1% од годишниот план, додека за капитални расходи реализирани се средства во износ од 1.948 милиони денари или 17,4% од годишниот план.

### 3.1.4 Извршување на Буџетот на РСМ по буџетски корисници[5]

Во продолжение е даден осврт на расходите и одливите од Буџетот на РСМ за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85,2% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници (Графикон 14).

Министерството за труд и социјална политика во првата половина на 2021 година реализираше 26.453 милиони денари или 7,9% повеќе во споредба со претходната година. Реализацијата на расходите

[5] Деталните податоци за Приходите и расходите по буџетски корисници се прикажани во табелите на следниот линк: https://finance.gov.mk/mk/node/898. Податоците се прелиминарни и неконсолидирани и ги вклучуваат и приливите и одливите на средства.

износува 49,5% од вкупниот буџет за 2021 година. Притоа, најголем дел (68,2%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 18.044 милиони денари или 49,6% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 22,4% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 49,8% (5.915 милиони денари) од планираните за 2021 година.

Во периодот јануари – јуни 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[6] реализирани се 15.950 милиони денари, односно 25,7% од предвидените за 2021 година. Пониската реализација е предизвикана од главната ставка на овој буџетски корисник, Отплата на главнина, чија реализација е 15,2% од износот за цела година, но е предвидено да се зголеми во второто полугодие кога доспева отплатата на еврообврзницата издадена во 2014 година во износ од 500 милиони евра. За оваа ставка е реализирано 6.543 милиони денари, а во вкупните расходи учествува со 41,0%. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 26,3% од вкупните расходи, за што се реализирани 4.197 милиони денари, или 51,6% од вкупниот буџет за оваа намена. Трета најзначајна ставка со учество од 21,2% се капиталните расходи, за што се потрошени 3.378 милиони денари.

Графикон 14. Структура на реализирани расходи и одливи според буџетски корисници, јануари – јуни 2021 година



Извор: Министерство за финансии

Министерството за образование и наука во периодот јануари – јуни 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 11.428 милиони денари (42,0% од планираното), што е за 4,9% помалку во споредба со претходната година. Најголем дел од расходите (71,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 8.125 милиони денари или 50,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 14,5%, за што се потрошени 1.653 милиони денари, односно 38,2% од вкупно предвидените.

Во првата половина од 2021 година, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 5.495 милиони денари, што претставува 45,9% од буџетот за 2021 година и е за 6,3% повеќе во однос на претходната година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 72,3%, за што се потрошени 3.975 милиони денари или 49,1% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 18,7%, за што се реализирани 1.030 милиони денари, што претставува 42,0% од годишниот план.

[6] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од пооделните компоненти од ИПА итн.

Во периодот јануари – јуни 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 4.538 милиони денари (85,3% од вкупните планирани средства за 2021 година). Главна ставка кај овој буџетски корисник со учество од 83,8% во вкупните расходи се субвенциите и трансферите, кои се реализирани во износ од 3.804 милиони денари, односно 89,0% од планираното.

Министерството за одбрана во првата половина од 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 3.708 милиони денари, што е 33,4% од вкупниот буџет за оваа година и се за 9,7% повисоки споредено со претходната година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 55,9%, за што во периодот јануари – јуни 2021 година се реализирани 2.072 милиона денари (48,8% од вкупно предвидените средства). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 27,6% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.024 милиони денари, односно 38,3% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите шест месеци од 2021 година реализираше средства од 3.673 милиони денари, што е 52,5% од планираното за годината и се речиси двојно пониски споредено со претходната година, што е последица на исклучително високиот износ на субвенции и трансфери во истиот период 2020 година, поврзани со мерките за справување со здравствено-економската криза. Убедливо најголема ставка со учество од 86,1% се субвенциите и трансферите, за кои во првата половина на 2021 година се потрошени 3.163 милиони денари, односно 56,5% од планираното за 2021 година.

Министерството за здравство во првата половина од годината реализираше буџетски средства во износ од 3.500 милиони денари (зголемување од 15,1% во споредба со истиот период од претходната година), што е 48,6% од вкупниот буџет за 2021 година. Расходите за стоки и услуги имаат најголемо учество во вкупните расходи со 61,0%, за што во периодот јануари – јуни 2021 година потрошени се 2.135 милиони денари или 59,7% од средствата наменети за 2021 година. Тековните трансфери до буџетските фондови се втора најзначајна ставка со учество од 31,9% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.117 милиони денари, односно 40,6% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари – јуни 2021 година реализираше средства во износ од 1.047 милиони денари, што претставува 19,7% од вкупниот буџет за 2021 година и се за 22,2% пониски споредено со претходната година. Ставка со највисоко учество во вкупните расходи на овој буџетски корисник се капиталните расходи, чија реализација во првата половина од 2021 година изнесува 691 милион денари (66,0% од вкупните расходи), што е 15,8% од годишниот буџет за оваа намена. За субвенции и трансфери е потрошено 257 милиони денари, што е 45,5% од планираното за цела година, а во вкупните расходи учествуваат со 24,5%.

### 3.2. Управување со јавниот долг

Државниот долг на Република Северна Македонија на крајот на првото тримесечје од 2021 година изнесува 6.207,8 милиони евра, односно 54,1% од проектираниот БДП за 2021 година, додека јавниот долг[7], изнесува 7.173,6 милиони евра, односно 62,5% од БДП (Графикон 15). Притоа, во однос на крајот на 2020 година, учеството на државниот долг во БДП е повисоко за 2,9 п.п., а на јавниот долг за 2,3 п.п.. До почетокот на кризата долгот како резултат на фискалната консолидација и пруденттните јавни финансии имаше стабилно ниво. Но, кризата со пандемијата имаше огромно влијание врз висината на долгот, при што се интервенираше соодветно со одредени мерки за спас на економијата. Како резултат на овие превземени мерки државниот долг забележа одреден раст, но сепак под европскиот просек од 12,1 п.п., што може да се види и од објавените податоци од Еуростат, каде што Република Северна Македонија има пораст од само 10,5 п.п., наспроти Словенија со 14,7 п.п., Хрватска 15,9 п.п., Албанија 22,9 п.п. итн.

[7] Последните измени на Законот за јавен долг се донесоа во мај 2019 година („Службен весник“ бр.98/2019), и со овие измени негарантираниот долг се вклучи во дефиницијата за јавен долг

Графикон 15. Состојба на државен и јавен долг (во % од БДП)



Извор: Министерство за финансии

Од аспект на каматната структура на државниот долг, на крајот на првото тримесечје од 2021 година односот на фиксната и варијабилната каматна стапка изнесува 80,4:19,6 соодветно (Графикон 16). Од аспект на валутната композиција, долгот во домашна валута учествува со 21,2% во портфолиото на вкупниот државен долг, додека долгот деноминиран во странска валута учествува со 78,8%. Притоа, учеството на долгот во евра во вкупниот државен долг изнесува 72,6% (вклучувајќи ги и домашните државни хартии од вредност со девизна клаузула), специјалните права за влечење учествуваат со 5,6%, долгот во јапонски јени учествува со 0,5%, а долгот деноминиран во американски долари учествува со 0,1%.

Графикон 16. Каматна (лево) и валутна структура на државниот долг во првото тримесечје од 2021 година



Извор: Министерство за финансии



Извор: Министерство за финансии
(*вклучително и домашните ДХВ со девизна клаузула)

На домашниот пазар во периодот јануари – јуни 2021 година, Министерството за финансии на редовна основа издаваше државни хартии од вредност, во согласност со календарот за издавање на ДХВ.

Во текот на првото полугодие од 2021 година се реализираа редовни ревизии на оценките на кредитниот рејтинг на државата од страна на Агенциите за кредитен рејтинг “Фич“ и „Стандард и Пурс“.

- Во мај 2021 година, Агенцијата за кредитен рејтинг „Фич“ го потврди кредитниот рејтинг на РС Македонија на „ББ +“, со негативен изглед. Рејтингот на РС Македонија е поддржан од доброто владеење, позитивната бизнис-клима, како и кредибилната и кохерентната макроекономска и финансиска политика конзистентна со долготрајниот фиксен девизен курс. Агенцијата предвидува годинава да се постигне економски раст од 3,9 проценти, и 4,3 проценти во 2022 година, при што истиот главно ќе зависи од развојот на пандемијата во РС Македонија и главните извозни пазари. Годинава како резултат на добрите економски политики, но и на потврдата на кредитниот рејтинг од страна на агенциите за кредитен рејтинг, беше издадена еврообврзница по историски најниска каматна стапка.
- Во февруари 2021 година, Агенцијата за кредитен рејтинг „Стандард и Пурс“ го потврди кредитниот рејтинг на земјава на ББ- со стабилен изглед. Очекувањата на Агенцијата се дека македонската економија годинава ќе се врати на патеката на економски раст и ќе ги надмине шоковите од кризата предизвикана од пандемијата на ковид-19. Исто така, беа посочени владините напори во насока на зајакнување на системот на јавни финансии, како што е новиот Закон за буџети којшто предвидува крупни реформи во насока на буџетското планирање и контрола на реализацијата. Задржувањето на кредитниот рејтинг во континуитет и покрај ефектите од ковид-кризата се од исклучително значење, бидејќи тоа е позитивен сигнал за инвеститорите за состојбите и јасен показател за нивната доверба во политиките што се водат во земјава. Во 2021 година, како двигатели на растот се наведени опоравувањето на извозната активност, јавната потрошувачка и приватната потрошувачка, а очекувањата се дека годинава растот ќе изнесува 3,6%. Се очекува и домашната потрошувачка да го поткрепи растот.